**NOVINSKA DOKUMENTACIJA**
**BEOGRAD, KNEZ MIHAILOVA 2**
**Tel: 621-578 622-537**

945e

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

8. XII. 1989

**ВО БАЛЕТОТ ПРИ МНТ**

# Се подготвува рок-ен-рол претстава

Балетот при Македонскиот народен театар во Скопје, забрзано работи на својата последна премиера, најавена како вистински спектакл. Тоа е првиот рок-ен-рол балет, што ќе биде подготвен и изведен на скопската сцена, а за кој музиката ја напишаа Влатко Стефановски и Бодан Арсовски. Музиката во траење од еденипол час ја исполнуваат членовите на групата „Леб и сол", а либретото за балетот со наслов „Зодијак" го напиша Горан Стефановски. Кореографијата е на Олга Милосавлева, режијата на Рахим Бурхан, сценографијата на Марина Чутурило од Белград, а костимографијата на Елена Дончева. Во најновата премиера на Балетот настапува целиот ансамбл со солистите Зоица Пуровска, Зоран Велевски, Јагода Сланева, Ирена Ветерова, Екрем Хусеин, Виолета Радовановиќ и други.